**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5812/**

# З А П И С Н И К

**Од 195.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 06.09.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Дарко Стефановски-Претседател за Надзорен одбор на МРТ, Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ |

***195.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 11:00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 194.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 194.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 194.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 194.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 194.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Виолета Димевска објасни дека Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за кој е усвоен од органите на управување на ЈРП МРТ и доставен до Собранието на РС Македонија и кој ги содржи показателите за финансиското работење на МРТ (вкупните планирани приходи и расходи) во 2022 година е изработен согласно очекуваните остварувања во тековната година со цел реализација на сите планирани програмски и други активности во тековната година. Но, во рамки на тековното работење се јави потреба од измена на Финансискиот план за 2022 година со дополнување и пренамена на дел од планираните износи во одредени ставки како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи. Имено, согласно Ребалансот на Буџет на РСМ за 2022 година, за 100.000.000 денари се зголемува износот на финансиска поддршка на ЈРП МРТ од страна на државата за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, со што за овој износ се дополнува Финансискиот план за 2022 година во делот на планирани приходи. Воедно се врши и дополнување и пренамена на дел од планираните износи во делот на планирани расходи и тоа:
Групата Трошоци за вработените, по извршените измени, има вкупно намалување од 7.850.000 денари и сгеа истата е планирана на вкупен износ од 484.000.000 денари. Поединечно по ставки намалувањето е највисоко кај Бруто платите на вработените каде се ослободуваат финансиски средства од причина што во текот на 2022 година во редовна старосна пензија треба да заминат повеќе од 60 лица, додека пак, иако од страна на државните институции е добиена согласност за нови вработувања за истата бројка сепак, со оглед на сложеноста на постапката за вработување, многу е мала веројатноста за нивна целосна реализација до крајот на годината. Поради повисока реализација и потреба од дополнителни финансиски средства зголемување во вкупен износ 250.000 денари кај ставките Трошоци за едукација и Јубилејни награди за вработените;
Во групата Патни и транспортни трошоци има вкупно зголемување од 730.000 денари кое се должи на потребата од дополнителни средства за реализација на настани во идниот период од годината и оваа група сега има вкупен планиран износ од 6.750.000 денари;
Со ова изменување на Финансискиот план на МРТ за 2022 година Групата Заеднички трошоци се планира на вкупен износ од 216.830.000 денари и во неа се вршат и зголемувања и намалувања кај дел од ставките но најголема корекција е дополнувањето од 48.000.000 денари на планираниот износ за набавка на електрична енергија кое се должи на континуираното покачување на цената на електричната енергија по киловат час. Поради повисока реализација дополнување има и кај трошоците за камати и курсни разлики како и кај трошоците за дополнително утврдени расходи од минати години каде сметководствено се евидентирани фактури кои се однесуваат на минатата година а пристигнати се со задоцнување и во текот на 2022 година (но треба да се има предвид дека овие ставки се непредвидливи и тешко може да се утврди висината на износот во чии рамки тие би се движеле во текот на годината). Намалувањата пак кај дел од ставките опфатени во оваа

група на трошоци пред се, се извршени поради пониска реализација на тендерските постапки за јавна набавка при што се ослободуваат финансиски средства (трошоци за електричен материјал, материјал за поправка и одржување, ситен инвентар и автогуми, одржување на градежни објекти, премии за осигурување).
Групата трошоци за Програмски права има вкупен планиран износ од 343.400.000 денари односно истата во однос на претходно планираните 293.700.000 денари се зголемува за 49.700.000 денари а со цел збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите Програмски сервиси на МРТ во 2022 година.
Со ова изменување на Финансискиот план на МРТ групата Останати трошоци од работење се планира на вкупен износ од 72.320.000 денари односно истата е зголемена за 4.950.000 денари. Позначајна корекција е дополнувањето од 5.000.000 денари кај трошоците за авторски договори и договори за соработка кои е неопходно да се склучуваат поради континуираното намалување на бројот на работени и недостигот од стручен кадарречиси во сите сектори и одделенија во куќата. Дополнување во износ од 3.600.000 денари има и кај трошоците за членарини поради покачувањето на износот на членарини кои МРТ има обврска да ги плаќа кон меѓународните радиодифузни организации во кои таа членува. Намалувањата кои се извршени кај дел од ставките (наем на опрема и недвижности, интелектуални услуги, надомест за сателитски сегмент) се должат на пониско реализирани трошоци во изминатиот период од 2022 година;
Од истата причина, пониска реализација, намалување во износ од 1.400.000 денари има и во делот на делот на инвестиции и сега оваа група на трошоци бележи вкупен планиран износ од 6.600.000 денари.
Со ова дополнување и пренамена на средства на Финансискиот план за 2022 година се менува и вкупниот износ на планираните приходи и планираните расходи во него, односно Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година содржи:

- приходи во вкупен планиран износ од **1.129.900.000 денари** и
- расходи во вкупен планиран износ од **1.129.900.000 денари**.

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Предлог планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства и дава согласност на истиот.

По однос на оваа точка беше предложен следниов **Заклучок**:
● Програмскиот совет на МРТ врз основа на заклучокот на Надзорниот одбор на МРТ како и врз основа на дополнително добиените 100.000.000 денари од буџетот на РСМ, заклучува дека работењето на ЈРМ МРТ може да продолжи во рамките на редовните околности.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.година,со дополнувањеи пренамена на средства беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ● ЗА гласаа: **10** члена,
- ● ПРОТИВ гласаа:**1** член,
- ● ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.

Виолета Димевска објасни дека Потребата од пренамена на планираните износи во годишниот Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година согласно Ребалансот на Буџетот на РСМ доведе до потреба од изменување и на планираните износи во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година.
Имено, изменувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година се состои од намалување односно бришење на планираните износи кај одредени ставки поради пониска реализација на тендерска постапка или пак поради тоа што не се започнати постапки за јавни набавки. Исто така, поради очекувана зголемена идна реализација, во планот за јавни набавки се извршени и дополнувања односно зголемување на проценетите вредности кај одредени ставки а воведени се и нови ставка во делот на Инвестициони набавки и во делот на Јвани набавки на услуги.

Поради тоа што не се започнати или пак не се реализирани постапките за јавни набавки целосно се бришат следните ставки:

Во Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки под реден број 1в со наслов Набавка на резервни делови за разводни постројки (склопки и биметали) и планиран износ од 300.000 денари без ДДВ, под реден број 2а со наслов Набавка и монтажа на репроматеријали за одржување на објекти и планиран износ од 200.000 денари без ДДВ, под реден број 4в со наслов Набавка на ПП апарати и планиран износ од 194.000 денари без ДДВ, под реден број 8а со наслов Набавка и монтажа на делови за поправка на системот за ладење на централна климатизација и планиран износ од 2.000.000 денари без ДДВ како и ставката под реден број 16б од Инвестиционите набавки со наслов Набавка на дигитална аудио миксета за емитување на програма и планиран износ 1.800.000 денари без ДДВ.
Понатаму, ставки кои се бришат во Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се следните: под реден број 21а со наслов Ѕидаротесарски услуги за одржување на градежни објекти и планиран износ од 200.000 денари без ДДВ, под реден број 21б со наслов Поправка на покрив, одводна техничка вода (олуци) и громобранска инсталација и планиран износ од 200.000 денари без ДДВ, под реден број 25а со наслов Преведувачки услуги и планиран износ од 1.800.000 денари без ДДВ, под реден број 39 со наслов Услуги за телевоутинг (телефонско гласање) и планиран износ од 100.000 денари и под реден број 40 со наслов Услуги за вршење PCR тестови и планиран износ од 84.000 денари.

Поради пониска реализација на тендерските постапки се намалуваат планираните износи кај следните стваки:
Во Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки – под реден број 4б со наслов Набавка на персонални и Лап Топ компјутери за 350.000 денари и сега изнесува 450.000 денари без ДДВ и ставката под реден број 16д од Инвестиционите набавки со наслов Набавка на возила за 1.440.000 денари и сега изнесува 1.100.000 денари без ДДВ,
Во Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги под реден број 42 со наслов Набавка на услуги за сателитски сегмент за 790.000 денари и сега изнесува 7.000.000 денари без ДДВ.

Со ова изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година а поради потреба од дополнителни средства во рамки на тековното работење на МРТ се зголемуваат планираните износи кај ставките:

Во Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки под реден број 12 со наслов Набавка на електрична енергија и планиран износ од 14.700.000 денари без ДДВ поради континуираното покачување на цената на електричната енергија по киловат час се зголемува за 39.000.000 денари и сега изнесува 53.700.000 денари без ДДВ,

Во Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги под реден број 29 со наслов Услуги од авторска агенција и планиран износ од 16.000.000 денари бруто износ се зголемува за 4.000.000 денари бруто износ и истиот сега изнесува 20.000.000 денари исто така бруто износ.
Ова дополнување на планираниот износ се должи на константното намалување на бројот на вработени во МРТ во текот на 2022 година односно одлив на кадарот пред се по основ на заминување во пензија со што се зголемува потребата од човечки ресурси за реализација на сите предвидени програмски активности и проекти.
Во рамки на Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки – Инвестициони набавки поради неопходноста од набавка на УПС уреди Планот за јавни набавки се дополнува со нова ставка под реден број 16ѓ со наслов Набавка на уреди за непрекинато напојување со електрична енергија (УПС уреди) со планиран износ од 2.000.000 денари без ДДВ.
Со нова ставка се дополнува и Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги и тоа под реден број 43 со наслов Набавка на услуги за хотелско сместување со планиран износ од 300.000 без ДДВ.
Оттука произлегува дека износот од 84.654.500 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година се зголемува за 35.842.000 денари без ДДВ и сега изнесува вкупно 120.496.000 денари без ДДВ.
Планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година остануваат непроменети.

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства и оценува дека дополнително добиените 100.000.000 денари од буџетот на РСМ, позитивно ќе влијаат врз финансиската ликвидносна состојба на ЈРП МРТ, заради што работењето на ЈРП МРТ може да продолжи во рамки на редовни околности.
Надзорниот одбор на МРТ дава согласност на Предлог-Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства.

По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со дополнување и пренамена на средства беше ставен на гласање.
■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, со дополнување и пренамена на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година,со дополнување и пренамена на средства е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**

По однос на оваа точка беше вклучена Анета Андонова Главен и одговорен уредник на Првиот програмски сервис во МТВ во врска со информациите дека МТВ го одбила филмот „Црвениот поет", и кажа дека Првиот програмски сервис најостро ги отфрла наводите објавени на социјалните медиуми според кои, Македонската телевизија не пројавила програмски интерес за емитување на серијата ***Црвениот поет*** – посветена на животот и делото на еден од најголемите поети – револуционери, Кочо Рацин.

Имено, Комисијата за избор на програмски содржини од независни радио и телевизиски продуценти, по Пријавата од Продуцентската куќа Сектор Филм, одржа состанок на 14.09.2018 година и се произнесе позитивно ( петмина членови гласаа ЗА) за понудената серија. Потврда за тоа е Известувањето од Комисијата за набавка на програмски содржини( 02 5181/2 од 17.09.2018 година). Согласно Правилата за набавка на аудио и аудиовизуелни дела, Комисијата се произнесува од програмски и од содржински аспект. Со оглед на фактот што Понудата од страна на Сектор Филм не беше за бесплатно емитување туку сепак стануваше збор за сума која што не се совпаѓаше со преостанатиот буџет (во ставката – Откуп на ТВ права ) за 2018 година, Договорот за отстапување на ТВ права помеѓу МРТ и Сектор Филм не се реализираше во 2018- та година. Согласно Законот за АВМУ и согласно Правилата за набавка на аудио и аудиовизуелни дела, МРТ секоја година распишува Јавен повик за набавка на програма од независни продуценти, но Сектор Филм на ниту еден од нив не го понуди проектот.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател